Динамиката на извршувањето ќе биде определена од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и од други средства и стварни правни, технички и материјални услови.
Опремувањето на земјиштето ќе отпочне, по добивањето на Одобрение за градба на објекти од комунална инфраструктура и воведувањето во владение на земјиштето.

Со цел успешно да се реализира оваа Подпрограма, неопходно е да се спроведат договорните обврски со сопствениците на градежното земјиште, како и обврските од склучениот Договор за вршење стручни и административни работи во уредувањето на градежното земјиште, склучен помеѓу Општина Гази Баба и Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на РМ.

## V. Ф.Д. ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (капитални трошоци)

## ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредуваат капиталните расходи за уредување на просторот во руралните подрачја.
Финансирањето на оваа Подпрограма е од неданочни приходи, односно од донации од физички лица и донации од претпријатија.

**П Р И Х О Д И**

| Кат. | Став-ка | Осн. ставка | Подс-тавка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **Вкупни приходи** | | | | | | |
| **74** | **Трансфери и донации** | | | | | | |
| | 744 | Тековни донации | | | | 0 | |
| | | 7441 | Донации од приватни компании | | | | |
| | | | 744111 | Тековни донации од претпријатија | | | |
| | 743 | Капитални донации | | | | | |
| | | 7432 | Капитални донации | | | | |
| | | | 743211 | Капитални донации | | 0 | |

**ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА Ф.Д.**

**РАСХОДИ**

| Кат. | Став-ка | Осн. ставка | Подс-тавка | Одде л | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **Вкупни расходи** | | | | | | |
| **48** | **Други градежни објекти** | | | | | | |
| | 482 | Други градежни објекти | | | | | |
| | | 4821 | | | | | |
| | | | 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати | | 0 | |
| | | | 482130 | Реконструкција на улици, патишта и автопати | | 0 | |

**11.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

1. За спроведување на оваа програма надлежен е Градоначалникот на Општина Гази Баба.

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

**Број 09-10072/19**
**од 24.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 24 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-10312/18**
**од 25 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

ул.Архимедова бр.2
1000 Скопје, Македонија

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Сектор за градежништво, комунални работи и сообраќај**

# ПРОГРАМА

# ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

**Декември, 2025 година**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1, член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), член 14 став (4) од Законот за јавните патишта (''Службен весник на РМ'' бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и ''Службен весник на РСМ'' бр.174/21 и 253/23) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на седмата седница одржана на 24 декември 2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА**

## I. ВОВЕД

Со оваа Програма се утврдуваат финансиските средства за изградба, реконструкција и рехабилитација, како и за редовно, инвестиционо и зимско одржување на локалните улици и патишта во надлежност на Општина Гази Баба за 2026 година, нивниот распоред и користење по намени.

## II. ПРИХОДИ

Финансиските средства за изградба, реконструкција, рехабилитација како и за редовно, инвестиционо и зимско одржување на локалните улици и патишта во Општина Гази Баба за 2026 година се утврдуваат во износ од 63.600.000,00 денари, што ќе се остварат од следниот извор:

- Од ЈП за државни патишта на РМ (средства за 2026 година) - 5.800.000,00 денари; и
- Од Буџетот на Општина Гази Баба (средства за 2026 година) - 57.800.000,00 денари, претставени во табеларниот приказ даден во прилог.

**ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА**

**III. РАСХОДИ**

**Расходите во висина на приходите во износ**

| Бр. | | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА: БУЏЕТ НА ОГБ содржани во ФА | ДОНАЦИЈА | БУЏЕТ НА РМ (ЈП за државни патишта) | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | во МКД |
| 1 | Ј6 | За редовно одржување со крпење на ударни дупки на локалните патишта и улици и тоа:<br>а) Локални патишта ЛГБ<br>б) Улици низ Општината | | 6,000,000.00 | | 0.00 | | | | **6,000,000.00** |
| 2 | Ј6 | Инвестиционо одржување (надградба со зајакнување на коловозни конструкции) на пристапни улици и патишта, кои претставуваат делници на локален пат и тоа:<br>а) Локални патишта ЛГБ<br>б) Улици низ Општината | | 44,800,000.00 | | 5,200,000.00 | | | | **50,000,000.00** |
| 3 | ЈД | Предвидено зимско одржување на ЛГБ 1, ЛГБ 4, ЛГБ 8, ЛГБ 2 и улици во надлежност на општината | | 7,000,000.00 | | 600,000.00 | | | | **7,600,000.00** |
| | | | | | | | | | | |
| | | ВКУПНО | | **57,800,000.00** | **0.00** | **5,800,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **63,600,000.00** |
| | | | | | | | | | | |
| | | Структура во % | | **90.88** | **0.00** | **9.12** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | |

**IV. Преглед на планирани приходи и расходи**

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно планирани приходи: | | 63.600.000,00 ден. |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | 63.600.000,00 ден. |
| Вкупно планирани расходи: | по точка 3.1 | 6.000.000,00 ден. |
| | по точка 3.2 | 50.000.000,00 ден. |
| | по точка 3.3 | 7.600.000,00 ден. |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | 63.600.000,00 ден. |

**V. Преодни и завршни одредби**

За спроведување на оваа програма, надлежен е Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година, е во согласност со планираните средства во Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен Гласник на Општина Гази Баба'', а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

**Број 09-10072/20**
**од 24.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 24 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-10312/19**
**од 25 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

ул.Архимедова бр.2
1000 Скопје, Македонија

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Сектор за градежништво, комунални работи и сообраќај**

**ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје**

# ПРОГРАМА

# ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

**Декември, 2025 година**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4, член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на седмата седница одржана на 24 декември 2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

### I. ВОВЕД

### 1. Извори на финансирање на Програмата

Програмата за финансирање на јавното осветлување на подрачјето на Општина Гази Баба се финансира од средства кои ЕВН ги наплатува од корисниците во вид на такса за улично осветлување и истите се префрлаат на сметка на Буџет на Општина Гази Баба за 2026 година, како и од други средства утврдени со закон.

Овие средства се користат за покривање на трошоците за потрошена електрична енергија за улично осветлување исклучиво за сервисните и станбените улици кои се во надлежност на Општината.

### 2. Планирани активности за 2026 година

Планирани се следниве активности:

1. Проектирање и ревизија на проекти за електро инсталации.

2. Изградба на нови линии за улично осветлување,
   - нови линии на улично осветлување;
   - нови ормари за постоечки линии за улично осветлување.

3. Одржување и реконструкција на улично осветлување,
   - замена на дотраени светилки;
   - замена на петта жица со изолирана SKS 2 x 16 мм;
   - замена на дотраени метални и дрвени столбови;
   - мерење на заземјување на метални столбови и санација на евентуално неисправни;
   - растеретување на линии оптеретени од должината и број на потрошувачи.

4. Плаќање на потрошена електрична енергија.

5. Надворешен технички надзор над изградба, одржување, реконструкција на уличното осветлување.

## II. ОДРЖУВАЊЕ, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПОТРОШЕНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Надлежноста за одржување на јавното улично осветлување на територијата на Општина ГазиБаба ја превзема ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, а исто така и плаќањето на потрошената електрична енергија за улично осветлување бидејќи електричните броила се префрлени на име на истите.

Уличното осветлување во општината е комбинирано, дел се натриумови светилки во руралното подрачје, а дел се "смарт ЛЕД" светилки со интегрирано управување. Во следната табела се претставени видот на светилките и столбовите, нивната јачина и бројност на уличното осветлување на територијата на општината. Инсталираната моќност на светилките е изразена во киловат часови. Вкупниот број на светилки и вкупната инсталирана моќност се презентирани во последните две колони.

II.1. Табела на улични светилки на територија на Општина Гази Баба

| **Тип на осветлување** | **Тип на столбови** | **Инсталирана моќност (W)** | **Број на светилки** | **Вкупен број на светилки** | **Вкупна инсталирана моќност (kW)** |
|---|---|---|---|---|---|
| Натриум | 1 столб ,1 светилка | 70 w | 2670 | 2670 | 187 kw |
| лед | 1/1 | 39,5 w | 4000 | 4000 | 177 kw |
| лед | 1/1 | 75 w | 163 | 163 | 12.2 kw |
| натриум | 1/1 | 150 w | 277 | 277 | 41.55 kw |
| рефлектори | 1/2 | 400 w | 220/440 | 440 | 176 kw |
| | | | **ВКУПНО** | **7550** | **552.2 kw** |

Врз основа на извештајот за потрошена електрична енергија во 2025 година планирани се следните финансиски средства за:

- Одржување и замена на дотраени светилки, материјали и реконструкција на улично осветлување во вредност од 2.500.000,00 денари;
- Потрошена електрична енергија во вредност од 20.000.000,00 денари.

## III. ИЗГРАДБА НА НОВИ ЛИНИИ НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Во оваа Програма се предвидени средства за нови разводни ормари за приклучок на електрична мрежа кои се надвор од постоечките трафостаници и изнесуваат 2.000.000,00 денари.

## IV. РЕКАПИТУЛАР

| Ред број | ОПИС | Вредност во денари |
|---|---|---|
| 1 | Проектирање и ревизија на проекти за електро инсталации | 300.000,00 ден. |
| 2 | Нови линии за улично осветлување,мерење и заземјување на метални столбови и разводни ормари за приклучок на електрична мрежа | 2.000.000,00 ден. |
| 3 | Нови ормари за постоечки линии за улично осветлување надвор од трафостаница и нивно приклучување на мрежа во трафостаница | 2.000.000,00 ден. |
| 4 | Одржување и замена на дотраени светилки, материјали и реконструкција на улично осветлување | 2.500.000,00 ден. |
| 5 | Плаќање на потрошена електрична енергија | 30.000.000,00 ден. |
| 6 | Надворешен технички надзор над изградба, одржување, реконструкција на уличното осветлување | 500.000,00 ден. |
| 7 | Услуга-Софтвер како сервис (SaaS) за паметно осветлување со вклучени комуникациски услуги за период од 12 месеци | 1.200.000,00 ден. |
| | **ВКУПНО** | **38.500.000,00 ден.** |

## V. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Програмата се одвива континуирано се до нејзина конечна реализација.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

**Број 09-10072/21**
**од 24.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 24 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-10312/20**
**од 25 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

ул.Архимедова бр.2
1000 Скопје, Македонија

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

# ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

# ПРОГРАМА

# ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

**Декември, 2025 година**

Врз основа на член 22 став (1) точки 5, 6 и 7 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), член 49 од Законот за здруженија и фондации (''Службен весник на РМ'' бр.52/10, 135/11, 55/16 и ''Службен весник на РСМ'' бр.239/22), член 22-а од Законот за спортот (''Службен весник на РМ'' бр.29/02, 66/04, 83/05, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и ''Службен весник на РСМ'' бр.98/19 и 244/19), член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите (''Службен весник на РМ'' бр.6/12, 166/14, 150/15 и ''Службен весник на РСМ'' бр.53/21) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на седмата седница одржана на 24 декември 2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА**

1.За јавни дејности се определуваат 35.179.000,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, распоредени во согласност со оваа Програма, како што следи:

- За здруженија на граѓани и фондации се определуваат 3.000.000,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година;

- За спорт се определуваат 12.000.000,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година;

- За младите се определуваат 600.000,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година;

- За протоколарни активности се определуваат 825.000,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, што се користат за:

(1) Цветни аранжмани 21x7.000,00 денари за настани на кои присуствуваат градоначалникот и делегации на Општина Гази Баба, а во организација на Владата на Република Македонија, Градот Скопје и Општина Гази Баба и други – 150.000 денари и тоа:

– 12 јануари - Ден на паднатите полицајци од Петтата полициска станица во н.м. Автокоманда,
– 4 февруари - Ден на раѓањето на Гоце Делчев,
– 26 февруари - Ден на загинување на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски,
– 17 март - Национален ден на Унгарија во Паркот на македонско-унгарското пријателство пред спомен обележјето на претседателот Лајош Кошут и композиторот Франц Лист,
– 26 март - Одбележување на смртта на Игор Николовски,
– 4 мај - Ден на загинувањето на Гоце Делчев,
– 9 мај - Ден на победата над фашизмот,

- 9 мај - Полагање цвеќе пред спомен бистите во Инџиково и Стајковци на загинатите полицајци на 9 мај 2015 година во терористичкиот напад од Косово, Диво Насеље, Куманово,
- 25 јуни - Раѓање на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски,
- 7 јули - Ден на политички прогонуваните лица судени за идеите на самобитноста на Македонскиот народ и неговата државност,
- 24 јули - Ден кога е починат прввиот претседател на Република Македонија Методија Андонов Ченто,
- 26 јули - Годишнина од земјотресот во Скопје,
- 2 август - Ден на Илинденското востание,
- 6 август - Ден на 22-те жртви од катастрофалните поплави во Гази Баба во 2016 година,
- 19 август - Ден за положување цвеќе на спомен-бистата на Трајко Попов во село Раштак, стрелан за самобитноста на Македонскиот народ и неговата државност од комунистичкиот режим на 19 август 1946 година,
- 8 септември - Ден на независноста на Република Македонија,
- 11 октомври - Ден на македонската антифашистичка борба,
- 11 октомври - Положување цвеќе пред споменикот на борците од Втората светска војна во паркот Кино-Маџари,
- 23 октомври - Ден на Внатрешната македонска револуционерна организација - ВМРО,
- 13 ноември - Ден на ослободувањето на Град Скопје од германските и бугарските фашистички окупатори во Втората светска војна, и
- 14 ноември - Ден на паднатите македонски бранители во војната 2001 година.

(2) Традиционални активности кои Општина Гази Баба ги организира во текот на годината се определуваат 675.000 денари:

- Прворордено бебе - жител на Општина Гази Баба - 25.000,00 денари,
- Одбележување на 50 години од постоењето на општината – 500.000,00 денари,
- Најдобар полицаец на годината - 20.000,00 денари,
- Традиционални активности на Сојузот на борците - 30.000,00 денари, и
- Здружение на пензионери - 100.000,00 денари.

2.За култура и културни манифестации се определуваат 4.020.000,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година, што се користат за:

1) Манифестација "Пифтијада" со коорганизатор Организација на жените на Гази Баба - 150.000,00 денари,
2) Манифестација Водици во н.м. Сингелиќ - 60.000,00 денари,
3) Манифестација "Во чест на Свети Кирил и Методиј" во с. Стајковци - 80.000,00 денари,
4) Четиридневен Меѓународен фолклорен фестивал со коорганизатор КУД "Јонче Христовски" - 350.000,00 денари,
5) Избор на најубаво новогодишно украсени балкони, дворови, простор пред станбени и деловни згради - 40.000,00 денари,
6) Аматерски културно-уметнички друштва и театарски групи - 120.000,00 денари,
7) Техничка организација на тековни настани (ангажирање на модератори) - 60.000,00 денари,
8) Традиционален илинденски марш 2024 - 160.000,00 денари,

9) Техничка поддршка на културни манифестации и настани (озвучување, бина, уредување на просторот, брза помош, противпожарно возило и друга техничка поддршка) - 1.200.000,00 денари.
10) Новогодишно украсување - 1.800.000,00 денари.

3.За социјална заштита се определуваат 14.734.000,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба, што се користат за:

1) Еднократна парична помош на ризични групи заради ублажување на штета од елементарна непогода (пожар, поплава и слично на корисници на социјална помош; лекување; деца без родители и родителска грижа; и самохрани родители) - 1.500.000,00 денари,
2) Еднократна парична помош за секое новороденче на подрачјето на Општина Гази Баба - 3.500.000,00 денари,
3) Еднократна финансиска помош по 3.000,00 денари за дете запишано во прво одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба - 2.000.000,00 денари,
4) Еднократна финансиска поддршка за пензионери со ниски пензии - 8.334.000,00 денари,
5) Проект со Црвен крст Посебен превоз за стари лица и лица со попреченост - 200.000,00 денари, и
6) Проект со Црвен крст Итно копче - 200.000,00 денари.

4. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

**Број 09-10072/22**
**од 24.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 24 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-10312/21**
**од 25 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

ул.Архимедова бр.2
1000 Скопје, Македонија

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

# ПРОГРАМА

# ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

**Декември, 2025 година**

Врз основа на член 22 став (1) точки 5 и 8 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на седмата седница одржана на 24 декември 2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА**

1. За основното образование се определуваат 16.167.663,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, распоредени во согласност со оваа Програма.

2. За културни манифестации во основните училишта се определуваат 60.000 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, што се распоредуваат за:

- Натпревар по ораторство - 60.000,00 денари.

3. За државни натпревари и стипендии за ученици во основните училишта се определуваат 586.663,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, што се распоредуваат за:

- 25 стипендии за талентирани ученици по 3.000,00 денари x 9 месеци - 250.000,00 денари,
- 25 стипендии за ученици спортисти по 3.000,00 денари x 9 месеци - 250.000,00 денари,
- 5 стипендии за деца со посебни образовни потреби по 3.000,00 денари x 9 месеци - 50.000,00 денари,
- 11 награди за првенци на генерација (во секое училиште по еден ученик - 36.663,00 денари со пресметан персонален данок),

4. За училишен спорт организиран од Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба се определуваат 3.511.000,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, што се распоредуваат за:

1) За лигата во футсал - машки:
   - за лекар надомест 11 кола - 22.000,00 денари,
   - за судија надомест 11 кола - 22.000,00 денари,
   - за делегат надомест 11 кола - 22.000,00 денари,
   - за кординатор на лигата футсал - 9.000,00 денари,
   - за дипломи за учениците - 3.600,00 денари,
   - за пехари - 3.500,00 денари,
   - за медали - 8.400,00 денари,
   - 1 место - 6.000,00 денари,
   - 2 место - 5.000,00 денари,
   - 3 место - 4.000,00 денари,

   Вкупно - **105.000,00** денари.

2) За лигата во кошарка - машки:
- за лекар надомест 11 кола - 22.000,00 денари,
- за судија надомест 11 кола - 22.000,00 денари,
- за делегат надомест 11 кола - 22.000,00 денари,
- за кординатор на лигата кошарка - 9.000,00 денари,
- за дипломи за учениците - 3.600,00 денари,
- за пехари - 3.500,00 денари,
- за медали - 8.400,00 денари,
- 1 место - 6.000,00 денари,
- 2 место - 5.000,00 денари,
- 3 место - 4.000,00 денари,

Вкупно - **105.000,00** денари.

3) За лига во одбојка - женски:
- лекар надомест 11 кола - 22.000,00 денари,
- за судија надомест 11 кола - 22.000,00 денари,
- за делегат надомест 11 кола - 22.000,00 денари,
- за кординатор на лигата одбојка - 9.000,00 денари,
- за дипломи за учениците - 3.600,00 денари,
- за пехари - 3.500,00 денари,
- за медали - 8.400,00 денари,
- 1 место - 6.000,00 денари,
- 2 место - 5.000,00 денари,
- 3 место - 4.000,00 денари,

Вкупно - **105.500,00** денари.

4) За шах (машки - женски):
- за судија - 3.000,00 денари,
- за шаховска опрема - 6.000,00 денари,
- за делегат - 2.000,00 денари,
- за дипломи за учениците - 1.200,00 денари,
- за медали - 2.400,00 денари,

Вкупно - **14.600.00** денари.

5) За атлетика:
- за вода - 9.600,00 денари,
- за кроасани - 6.250,00 денари,
- за делегат - 2.000,00 денари,
- за судии - 10.500,00 денари,
- за доктор - 3.000,00 денари,
- за озвучување - 2.000,00 денари,
- за медали - 14.400,00 денари,

Вкупно - **47.750,00** денари.

6) За детска атлетика од 9 до 11 години:
- за вода - 3.600,00 денари,
- за кроасани - 3.600,00 денари,
- за делегат - 2.000,00 денари,
- за судии - 8.000,00 денари,
- за доктор - 3.000,00 денари,
- за озвучување - 2.000,00 денари,
- за дипломи - 3.600,00 денари,

Вкупно - **25.200,00** денари.

7) Книговодствени услуги - 28.000,00 денари.

8) Меморијален турнир "Иван Илиев" во с. Стајковци - 40.000,00 денари.

9) Меморијален турнир "Играме со срце за Алек" - 40.000,00 денари.

10) За одговорни лица на екипи - за изведување спортски активности - 500.000,00 денари.

11)Субвенционирање на ученици за зимски камп - 600.000,00 денари.

12) Субвенционирање на ученици за летен камп - 1.900.000,00 денари.

5. Останати училишни активности во износ од 12.010.000,00 денари и тоа:

- За ученички униформи во основните училишта се определуваат 11.000.000,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година (две парчиња со долги ракави и две парчиња со кратки ракави за околу 7.000 ученици),
- Набавка на клима уреди за општинските основни училишта (1 фаза) – 1.000.000,00 денари,
- Избор на наставник на годината - 10.000,00 денари.

6. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

**Број 09-10072/23**
**од 24.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 24 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-10312/22**
**од 25 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

ул.Архимедова бр.2
1000 Скопје, Македонија

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Сектор за заштита на животната средина и природата**

# ПРОГРАМА

# ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

**Декември, 2025 година**

## ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

| Бр. | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | БУЏЕТ НА ОГБ | ДОНАЦИЈА | БУЏЕТ НА РМ | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
| | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | во МКД |
| 1 | Субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за купување на високоенергетски клима уред за затоплување | | 1,500,000.00 | | | | | | **1,500,000.00** |
| 2 | Субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за набавка и вградување на сончеви колектори | | 500,000.00 | | | | | | **500,000.00** |
| 3 | Субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Гази Баба за купување на велосипед | | 500,000.00 | | | | | | **500,000.00** |
| 4 | Субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Гази Баба за купување на печки на пелети | | 500,000.00 | | | | | | **500,000.00** |
| 5 | Субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Гази Баба за вградување на уреди за течен гас/метан или друг вид на алтернативно гориво кај возила | | 500,000.00 | | | | | | **500,000.00** |
| 6 | Субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за чистење на оџаци во своите домаќинства | | 50,000.00 | | | | | | **50,000.00** |
| 7 | Субвенции за стерилизација на домашни миленици(кучиња и мачки) | | 100,000.00 | | | | | | **100,000.00** |
| 8 | Субвнционирање на граѓаните на општина Гази Баба за набавка на пелети | | 1,000,000.00 | | | | | | **1,000,000.00** |
| 9 | Изработка на ЛЕАП 3 (2027-2032) на Општина Гази Баба | | 1,278,774.00 | | 221,226.00 | | | | **1,500,000.00** |

## ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

| Бр. | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | БУЏЕТ НА ОГБ | ДОНАЦИЈА | БУЏЕТ НА РМ | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
| | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | во МКД |
| 10 | Еколошки конкурс | | 300,000.00 | | | | | | **300,000.00** |
| 11 | Изработка на Елаборати за заштита на животната средина и Стратегиски оценки на влијанието врз животната средина | | 100,000.00 | | | | | | **100,000.00** |
| 12 | Набавка на прочистувачи на воздух за основните училишта и градинките во општина Гази Баба - I Фаза | | 600,000.00 | | | | | | **600,000.00** |
| | ВКУПНО | | **6,928,774.00** | **0.00** | **221,226.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **7,150,000.00** |
| | | | | | | | | | |
| | Структура во % | | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |

Врз основа на член 22 став (1) точка 2, член 36 и 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), член 3 став (3) од Законот за животната средина (''Службен весник на РМ'' бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, и ''Службен весник на РСМ'' бр. 89/22,171/22,3/25 и 124/25), Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.244/19, 82/20, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на седмата седница одржана на 24 декември 2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

### I ВОВЕД

Мерките и активностите за заштита и унапредување на животната средина се од јавен интерес, заради што општината Гази Баба е должна да планира соодветни активности и од својот буџет да обезбеди финансиски средства за таа цел.

Оваа Програма има за цел да ги утврди мерките за заштита на животната средина и природата на подрачјето на општината за 2026 година преку конкретни активности во рамките на сите медиуми и области на животната средина.
Медиуми на животната средина се: воздухот, водата и почвата.

Области на животната средина се: отпадот, бучавата, вибрациите, јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење, природата, биодиверзитетот, климата, миризбата и сите елементи кои претставуваат неделива целина од животната средина.

Со Програмата се дефинираат конкретните проекти, потребата од нивно реализирање, целите кои со тоа ќе се постигнат и потребните финансиски средства.

### II ПРАВНИ ОСНОВИ

Заштитата на животната средина и зачувувањето на природата се основни уставни вредности на Република Македонија. Секој има право на здрава животна средина, како и одговорност да ја штити и подобрува.

Појдовна основа за планирање, развивање и реализирање на активностите од областа на заштитата на животната средина и природата е Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 159/08, 83/09, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, и ''Службен весник на РСМ'' бр. 89/22 ,171/22, 3/25 и 124/25), како рамковен правен акт ги уредува активностите за:

- Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина,
- Заштита на животот и на здравјето на луѓето,
- Заштита на биолошката разновидност,
- Рационално и одржливо користење на природните богатства и
- Спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина, при што ги утврдува надлежностите на Општина Гази Баба во тој домен.

Посебните закони, Законот за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 100/12, 163/13, 10/15,146/15,151/21 и 3/25), Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16,151/21 и 3/25), Законот за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15 и 151/21), Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 27/14, 41/14, 146/15 и 63/16 и 151/21), Закон за управување со отпад („Сл.весник на РСМ“ бр. 216/21 и 3/25) кои се однесуваат на конкретни медиуми или области на животната средина, и нивните подзаконски акти, ги утврдуваат ингеренциите на Општина Гази Баба во областа на заштитата на животната средина, односно наведените медиуми и области.

Активностите на општината во областа на животната средина произлегуваат и од пошироката правна регулатива, која ги опфаќа јавното здравје, управувањето со отпад, шумарството, ловот, риболовот, органското земјоделство, производството на храна, безбедноста на производи, безбедниот транспорт и др.

## III.ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ПРОГРАМАТА

Главна цел на Програмата е заштита и зачувување на квалитетот на сите медиуми на животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.
Програма ги утврдува мерките за заштита на животната средина, природата и во областа на енергетиката, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија на подрачјето на општина Гази Баба за 2026 година, преку конкретни активности во рамките на сите медиуми (воздухот, водата и почвата) и области на животната средина (отпадот, бучавата, нејонизирачкото зрачење, природата, биодиверзитетот и климата) и сите елементи кои претставуваат неделлива целина од животната средина.

Со Програмата се дефинираат конкретните проекти, потребата од нивно реализирање, целите кои со тоа ќе се постигнат и потребните финансиски средства.

Предмет на оваа Програма се активности во надлежност на Општина Гази Баба во сферата на заштитата на животната средина, што ќе се реализираат во текот на 2026 година. Програмата се темели на начелата прокламирани со Законот за животна средина, на кои се засновува заштитата на животната средина:

- **Начело на висок степен на заштита**

  Секое правно и физичко лице при преземањето активности или при вршењето дејности, треба да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и здравјето на луѓето.

- **Начело на превенција**

  Мерките и активностите за заштита на животната средина се преземаат пред да дојде до штетни последици.

- **Начело на претпазливост**

  Доколку постои основано сомневање дека одредена активност може да предизвика штетни последици врз животната средина, се преземаат неопходни мерки за заштита пред да стане достапен научниот доказ дека такви штетни последици би можеле да настанат.

- **Начело на одржлив развој**

  Заради задоволување на потребите за здрава животна средина, како и социјалните и економските потреби на сегашните генерации, без притоа да се загрозат правата на идните генерации да ги задоволат сопствените потреби, при преземањето на било која дејност задолжително треба да се води сметка за рационално и одржливо користење на природните богатства.

- **Начело на интегрираност**

  Основите и целите на политиката за заштита и унапредување на животната средина мораат да се интегрираат во сите развојни, стратешки, плански и програмски документи кои ги донесуваат органите на власта на сите нивоа.

- **Начело на учество на јавноста и пристап до информации**

  Органите на сите нивои на власта се должни да ги обезбедат сите потребни мерки и да пропишат постапки со кои се обезбедува остварување на правото на пристап до информациите и учество на јавноста во донесувањето на одлуките кои се однесуваат на состојбата на животната средина, како и да обезбедат изјаснување на јавноста во постапката за донесување на тое одлуки.

- **Начело на подигање на јавната свест за значењето и заштитата на животната средина**

  Научните, образовните, здравствените, информативните, културните и другите институции и правни лица, вклучувајќи ги и здруженијата на граѓаните, во рамките на нивните активности, промовираат и обезбедуваат подигање на јавната свест за животната средина, за нејзиното значење, како и за потребата од активно учество во нејзината заштита и унапредување.Со Програмата се предвидени активности кои општина Гази Баба ќе ги реализира во насока на:

- следење на состојбите и подобрување на квалитетот на медиумите и областите на животна средина,
- заштита на природните вредности,
- интегрирање на прашањата за заштита на животната средина,
- подобрување на здравјето и благосостојбата на граѓаните и
- подигање на јавната свест за значењето на животната средина.
- спроведување на мерки и активности во областа на енергетиката, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија.

## IV ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

### 1. Субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за купување на високоенергетски клима уред за затоплување

Најголемиот проблем во областа на заштитата на животната средина, со кој се соочува Општина Гази Баба е нарушениот квалитет на амбиентниот воздух во градот, особено со партикуларните честички (ПМ10 и ПМ2,5). Една од поголемите причини за емисија на овие честички е затоплувањето на домовите кои не се приклучени на централно греење, пред се заради нецелосното и несоодветно согорување на огревното дрво, несоодветниот квалитет на дрвото и начинот на негово чување и употребата на стари, дотраени и технички неисправни печки.

Давањето субвенции за набавка на високоенергетски клима уреди создава услови за поголем број граѓани да се одлучат да инвестираат средства за нов начин на греење, со кој ќе се намали загадувањето, односно поттикнување за примена на почисто гориво со што ќе се намали аерозагадувањето.

За спроведување на оваа мерка ќе се постапува согласно Одлуката за користење на финансиските средства од буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на високоефикасни инвертер клима уреди (*Службен гласник на Општина Гази Баба бр.4/23 и 2/25)*) во кој се регулирани постапката за субвенционирање на граѓани за купување високоенергетски клима уреди за затоплување, условите и висината на субвенцијата која ќе се исплаќа на граѓаните.

**За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финансиски средства во износ од 1.500.000,00 денари.**

**2. Субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за набавка и вградување на сончеви термални колектори**

Давањето субвенции за набавка и вградување на сончеви термални колекторски системи (колектори, резервоар за топла вода и потребна инсталација до бојлерот) има за цел преку користење на сончевата енергија за затоплување на водата во бојлерот да го намали загадувањето на амбиентниот воздух, кое истовремено ќе допринесе кон намалувањето на климатските промени.

За спроведување на оваа мерка изготвена е Одлука за користење на финансиските средства од буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за набавка и вградување на сончеви термални колектори (*Службен гласник на Општина Гази Баба бр.4/24 и 2/25),*во која ќе се пропишат условите и висината на субвенцијата која ќе им се исплаќа на граѓаните.

**За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финансиски средства во износ од 500.000,00 денари.**

**3. Субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Гази Баба за купување на велосипед**

Еден од доминантните загадувачи на воздухот во општината и во градот Скопје претставува сообраќајот. Со предложената активност се придонесува кон намалување на најголемиот проблем во областа на сообраќајот, а тоа е зголемениот интензитет на сообраќај особено во врвните часови од денот. Зголеменото користење на автомобили значително влијае и на загадувањето на воздухот, особено на зголемувањето на количество на цврстите честички ПМ10. Развиените и еколошки свесни општествени заедници повеќе години работат на промоција на употребата на алтернативни превозни средства, чија предност, за разлика од автомобилите, е намалување на метежот во сообраќајот и загадувањето на животната средината. Едно од алтернативните превозни средства е секако велосипедот, кој е најприфатлив за користење во градови со рамна површина.

За спроведување на оваа мерка ќе се постапува согласно Одлуката за користење на финансиските средства од буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за купување на велосипеди (*Службен гласник на Општина Гази Баба бр.4/24,бр.2/24 и 2/25)* во која се регулирани постапката за субвенционирање на граѓани за купување велосипед, условите и висината на субвенцијата која ќе им се исплаќа на граѓаните.

**За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финансиски средства во износ од 500.000,00 денари.**

**4.Субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за купување на печки на пелети**

Давањето субвенции за набавка на печки на пелети создава услови поголем број граѓани на општина Гази Баба да одлучат да инвестираат средства во нов начин на греење, набавка на почисто гориво и поквалитетни печки, кое ќе допринесе за намалување на загадувањето на амбиентниот воздух со истовремено намалување на загадувањето на воздухот во внатрешноста на просториите кои се затоплуваат.

За спроведување на оваа мерка ќе се постапува согласно Одлуката за користење на финансиските средства од буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на печки на пелети (*Службен гласник на Општина Гази Баба бр.4/23 и 2/25*) во која се регулирани постапката за субвенционирање на граѓани за купување печки на пелети, условите и висината на субвенцијата која ќе им се исплаќа на граѓаните.

**За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финансиски средства во износ од 500.000,00 денари.**

**5. Субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Гази Баба за вградување на уреди за течен гас/метан или друг вид на алтернативно гориво кај возила**

Како една од мерките за намалување на аерозагадувањето од сообраќајот е субвенционирањето на граѓаните за вградување на уреди за течен гас, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилото. Со ваквиот начин на преадаптација на возилото се добива поеколошко и поекономично возило чии издувни гасови се “почисти”, а цената на алтернативното гориво (гас/метан) е пониска од обичното (бензин/дизел).

За спроведување на оваа мерка ќе се постапува согласно Одлуката за користење на финансиските средства од буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за вградување на уреди за течен гас/метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата (*Службен гласник на Општина Гази Баба бр.2/23 и 2/25)* во која се регулирани постапката, условите и висината на субвенцијата која ќе им се исплаќа на граѓаните.

**За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финансиски средства во износ од 500.000,00 денари.**

**6. Субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за чистење на оџаци во своите домаќинства**

Најголемиот проблем во областа на заштитата на животната средина, со кој се соочува Општина Гази Баба е нарушениот квалитет на амбиентниот воздух особено со партикуларните честички (ПМ10 и ПМ2,5). Една од поголемите причини за емисија на овие честички е затоплувањето на домовите кои не се приклучени кон централното градско греење, заради нецелосно и несоодветно согорување на огревното дрво, несоодветниот квалитет на дрвото, начинот на негово чување, употребата на стари, дотраени и технички неисправни печки како и нередовното одржување на димоводните канали (оџаци). Со зголемување на јавната свест за потребата од редовно одржување на димоводните канали очекуваме да се постигнат следните цели:

- Подобро согорување на огревното дрво,
- Намалување на штетните отпадни гасови,
- Намалување на сагите,
- Заштита од пожари,
- Намалување на трошоците за загревање,
- Заштита на животната средина и природата и
- Подигање на јавната свест кај граѓаните за потребата од редовно чистење на оџаците.

За спроведување на оваа активност ќе се постапува согласно донесената Одлука за субвенционирање на граѓани за купување за чистење на оџаците (*Службен гласник на Општина Гази Баба бр.2/23 и 2/25)*,во која ќе се пропишат условите и висината на субвенцијата која ќе се исплаќа на граѓаните.

**За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финансиски средства во износ од 50.000,00 денари.**

**7. Субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за стерилизација на домашните миленици (кучиња и мачки)**

Целта на давањето субвенции за стерилизација на домашни миленици е контрола и намалување на популацијата на бездомни животни, како и намалување на нивната агресивност. Кучињата и мачките имаат висока репродуктивна способност. Имено тие се размножуваат со геометриска прогресија, што значи дека од еден пар кучиња или мачки за 8-9 години може да се добијат до 60 000 потомци. Со стерилизација на домашните миленици се избегнуваат последиците кои произлегуваат од несаканите легла кое резултира со напуштање на домашни миленици и зголемување на бројот на бездомни животни во општина Гази Баба.

Оваа мерка за прв пат се спроведе во 2024 година согласно донесената Одлука за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази баба за надоместување на трошоците направени при стерилизација на домашните миленици (кучиња и мачки) број 09-5899/22 од 30 октомври 2024 година ( *Службен гласник на Општина Гази Баба 20/24*), во која се пропишани условите и висината на субвенциите кои ќе им се исплаќаат на граѓаните.

**За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финасиски средства во износ од 100.000,00 денари.**

**8.Субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за набавка на пелети**

Како една од основните мерки за намалување на аерозагадувањето е мерката за субвенционирање на граѓаните за купување на печки на пелети и со цел да се намали финансискиот товар на домаќинствата и да се обезбеди поекономично и еколошки прифатливо затоплување во насока на намалување на емисиите во амбентниот воздуч од доќаниствата се воведува субвенционирање на граѓаните за набавка на пелети за огрев. Право на субвенција ќе имаат сите домаќинства со постојано место на живеење на територијата на општина Гази Баба и кои користат печки или котли на пелети како примарен извор на греење.

Субвенцијата се однесува на делумно покривање на трошоците за купување пелети, во максимален износ до 15.000,00 денари со вкалкуриан данок на додадена вредност по домаќинство. Средствата ќе се доделуваат по принцип „прв дојден, прв услужен“, сè до крајниот рок утврден во Јавниот повик или до исцрпување на предвидениот буџет.

Пријавите ќе се поднесуваат лично во архивата на општината. По административната проверка, средствата ќе бидат исплатени на банкарската сметка на корисникот.

Оваа мерка има за цел да им помогне на граѓаните да обезбедат сигурен и чист енергент за зимскиот период, да се поттикне употребата на енергетски поефикасни системи за греење и да се намалат негативните влијанија врз животната средина.

За спроведување на оваа мерка ќе изработи посебна Одлука во која ќе се пропишат условите и висината на субвенцијата која ќе се исплаќа на граѓаните.

**За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финансиски средства во износ од 1.000.000,00 денари.**

**9.Изработка на ЛЕАП 3 (2027-2032) на Општина Гази Баба**

Изработката на Локалниот еколошки акциски план (ЛЕАП) претставува клучен инструмент за систематско управување со животната средина на локално ниво. ЛЕАП овозможува општината да ги препознае своите најважни еколошки предизвици, да ги приоритизира проблемите и да планира конкретни, остварливи мерки за нивно решавање. Исто така претставува и законска обврска согласно Законот за животна средина.

**Потребата од изработка на ЛЕАП произлегува од:**

1. **Идентификација на локалните еколошки проблеми** - загадување на воздух, води и почви, управување со отпад, бучава, климатски промени и други ризици карактеристични за конкретната општина.

2. **Задолженија согласно национално и европско законодавство** - ЛЕАП е алатка што ќе ни помогне во исполнување на законските обврски во областа на животната средина и во усогласувањето со ЕУ директивите.

3. **Ефикасно планирање и управување со ресурси** - овозможува рационално користење на буџетот, човечките ресурси и локалната инфраструктура.

4. **Поддршка при аплицирање за национални и меѓународни фондови** – грантови и програми најчесто бараат постоење на јасна планска документација, каков што е ЛЕАП.

**Значењето на ЛЕАП се огледува во:**

1. **Подобрување на квалитетот на живот** - со спроведување на мерки што ќе се дефинираат и спроведат во наредните 5 години ќе го намалуваат загадувањето и го подобруваат локалниот амбиент.

2. **Зголемена транспарентност и учество на јавноста** - процесот на спроведување ќе биде транспарентен и ќе се вклучуваат граѓани, институции, здруженија и стручна јавност, што ќе резултира со поголема доверба и подобри решенија.

3. **Долгорочна визија за одржлив развој** - ЛЕАП не се фокусира само на моментални проблеми, туку создава рамка за развој во следните 5 години.

4. **Превенција наместо санација** - преку навремено планирање, општината може да ги спречи идните ризици и да ги намали трошоците за санирање на еколошки штети.

5. **Поддршка на економскиот развој** - чистата и уредна средина привлекува инвеститори и создава подобри услови за туризмот, земјоделството и локалното претприемништво.

**За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финансиски средства во износ од 1.500.000,00 денари. д кои 1,278,774,00 денари се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба а 221.226,00 денари се обезбедни од Буџетот на Република Македонија согласно Одлуката за распределување на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2023 година број 41-10298/25 од 02.12.2025 година (Службен весник на Република Северна Македонија бр.245/25)**

**10. Еколошки конкурс**

Подигањето на јавната свест е неопходна активност, која произлегува од одредбите на Законот за животна средина. Еден од начините на зголемување на јавната свест е преку доделување награди на физички и правни лица за нивниот придонес во развој на грижата за животната средина со што се зголемува нивото на јавната свест за заштитата на животната средина и природата.

Општина Гази Баба традиционално организира Еколошки конкурс "Денови на пролетта - Денови на екологијата" за најголем допринос во развојот на екологијата, во повеќе категории: најубаво уреден двор, најеколошка компанија, најголем придонес за екологијата и најубава творба на тема екологија. Еколошкиот конкурс ќе започне со првиот ден на пролетта 21 Март, а доделувањето на наградите ќе биде на 05 Јуни, на Светскиот ден на животната средина.

За спроведување на оваа мерка ќе се реализираат следните активности:

- Формирање на соодветна комисија
- Објавување на конкурс
- Прибирање на пријави
- Разгледување на пристигнати пријави, творби и посети на терен
- Доделување на награди

**За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финансиски средства во износ од 300.000,00 денари.**

**11. Изработка на Елаборати за заштита на животната средина и Стратегиски оценки на влијанието врз животната средина**

Во секојдневните работни активности и подготовка на плански документации и започнување на нови проекти согласно Законот за животна средина потребно е да за запазуваат обврските при спроведување на активностите така согласно :

Членот 65 предвидува изготвување **Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина** за плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користење на замјиштето, Националниот акционен план за животна средина, локалните акциони планови за животна средина и др.стратегиски, плански и програмски документи.

Членот 76 предвидува изготвување **Оцена на влијанија врз животната средина** за проектите кои поради нивниот карактер, обем или локацијата на која се изведуваат, можат да имаат значително влијание врз животната средина.

Членот 24 предвидува изработка на **Елаборат за заштита на животната средина** за дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина.

**Активности:**

- Утврдување на потребата од изготвување на ОВЖС/Елаборат за животна средина
- Изготвување на ОВЖС/Елаборат за животна средина
- Доставување до надлежниот орган за одобрување

**За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финансиски средства во износ од 100.000,00 денари.**

**12. Набавка на прочистувачи на воздух за основните училишта и градинките во општина Гази Баба - I Фаза**

Квалитетот на воздухот претставува еден од клучните фактори за здравјето и развојот на децата. Во последните години, особено во зимскиот период, концентрациите на цврстите честички со големина од 2,5 и 10 микрометри (PM2.5 и PM10), како и други загадувачки емисии значително ги надминуваат граничните вредности. Ова директно влијае врз здравјето на најмладата популација, која е најосетлива на последиците од загадениот воздух.

Во основните училишта и градинките, каде децата поминуваат најмалку 5–8 часа дневно во затворени простории, од суштинско значење е обезбедување на чист и квалитетен воздух. Лошиот квалитет на воздухот може да предизвика зголемена појава на респираторни инфекции, алергии, астма, намалена концентрација и општо влијание врз имунитетот и когнитивниот развој.

Набавката на прочистувачи на воздух е потребна поради следните причини:

1. **Заштита на здравјето на децата** - Прочистувачите ефикасно ги намалуваат штетните честички, бактериите, вирусите, алергените и непријатните мириси во затворен простор.

2. **Подобрување на условите за учење и престој** - Чистиот воздух ја подобрува концентрацијата, вниманието и општата добросостојба на учениците и децата во градинките.

3. **Намалување на бројот на заболувања и отсуства** - Со подобар квалитет на воздухот се намалува ризикот од инфекции и хронични респираторни проблеми, што влијае на континуитетот на наставата и грижата во градинките.

4. **Создавање здравствено безбедна средина** - Прочистувачите овозможуваат контрола на бактерии и вируси, што е особено важно во периоди на зголемена инфекција или епидемии.

5. **Подобрување на општите стандарди на воспитно-образовните установи** - Современите и здрави услови се основа за квалитетно образование и грижа, усогласени со европските и светските практики.

Со започнување на оваа набавка, училиштата и градинките ќе обезбедат повисоки здравствени стандарди, побезбедна средина и подобри услови за развој и учење. Инвестицијата во прочистувачи на воздух е инвестиција во здравјето, иднината и благосостојбата на децата.

**За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финансиски средства во износ од 600.000,00 денари.**

**13. Одобрување на елаборати за заштита на животната средина**

Согласно член 24 од Законот за животната средина, Општина Гази баба е надлежна за разгледување и одобрување на елаборати за заштита на животната средина за дејности и активности кои се наброени во Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на Општината, Градоначалникот на Град Скопје и Градоначалникот на општините во Градот Скопје.

Еколошкиот елаборат ги опфаќа сите влијанија на инсталацијата врз животната средина, а целта на елаборатот е сведување на загадувачките супстанции на најмала можна мерка и по можност, нивно анулирање.

**Активности:**

- Разгледување на доставениот Елаборат за заштита на животната средина,
- Изготвување забелешки на Елаборатот,
- Прием на корегиран Елаборат,
- Изготвување Решение за одобрување, или одбивање, кое го потпишува Градоначалникот на Општина Гази Баба.
- Изготвување на Регистар на одобрени Елаборати за заштита на животнта средина

**Потребни финансиски средства:**

За оваа активност не се предвидени финансиски средства.

**14. Изработка на техничка документација со Физибилити студија за Собирен центар за управување со цврст отпад**

Во рамките на Проектот "Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти" објавен е прв повик до општините и центрите за развој на планските региони да поднесат барања за обезбедување на финансиска поддршка во изработка на физибилити студии со техничка документација за приоритетни инфраструктурни проекти во рамките на Фондот за техничка документација. Проектот и повикот ги спроведуваат УНДП и Бирото за регионален развој. Општина Гази Баба преку Скопскиот плански регион учествуваше во овој повик и обезбеди финансиски средства во Буџетот на општина Гази Баба за 2023 година во износ од 359.262,00 денари за изработка на *Техничка документација за собирен центар за управување со цврст отпад за општините Центар и Гази Баба, на територија на општина Гази Баба.*

Отпадот претставува голем проблем за локалната самоуправа. Со правилна стратегија за управување со цврстиот отпад и нејзина правилна имплементација ќе се овозможи понатамошен раст и развој на општината и на тој начин ќе се создадат подобри услови за живот на локалното население. Несоодветното управување со отпадот во сите сегменти (собирање, транспортирање, третман и одлагање) може да предизвика директно загадување на почвата, површинските и подземните води, кои индиректно можат да влијаат и врз нарушување на здравјето на населението на општина Гази Баба. Во рамките на овој проектот во 2024 година е изработена физибилити студија, во која се дадени препораки за избор на локација, финансиска анализа вклучувајќи ја потребната инфраструктурна односно потребата од возила, опрема и персонал потрбене за функционирање на собирниот центар.

Во текот на 2026 година потребно е да се изготви планска и проектна документација со прелимирнарно техничко решение (идеен прокет), урбанистичко решение за локацијата како основа за изработка на урбанистички проект (проектно-планска документација) за избраната локација и изработка на комплетна техничка документација за објектот-Основен проект. Локацијата за собирниот центар е утврдена со Одлука на совет број 09-9301/1 одржана на 13ти ноември 2025 година.

**Финансиските средства за оваа активност се обезбедени и исплатени во 2023 година.**

**15. Организирање на Генералка викенд 2026 година**

„ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД“ е пролетна акција за чистење и селектирање отпад која се спроведува на цела територија на Република Македонија во организација на Мен енд Маунтен ДОО. Во 2026 година ќе се спроведе шестото издание на оваа пролетна акција за чистење и селектирање отпад.

Целта на Генералка викенд е да го расчистиме и рециклираме непрописно одложениот отпад на територија на општина Гази Баба, а со тоа, нашата општина да ја претвориме во зелена иднина за сегашните и идните генераци.

Активноста ќе се спроведе во месец мај 2026 година на територија на општина Гази Баба од страна на вработените во општината, јавното комунално претпријатие, со вклучување на сите засегнати страни и волонтери од општината.
Собраниот отпад ќе биде подигнат од страна на организаторот преку ангажирање на претпријатие за собирање на комунален отпад.

**За реализација на оваа активност општината нема да има финансиски импликации.**

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

**Број 09-10072/24**
**од 24.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 24 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-10312/23**
**од 25 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

ул.Архимедова бр.2
1000 Скопје, Македонија

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Сектор за правни и општи работи**

# ПРОГРАМА

# ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

**Декември, 2025 година**

Врз основа на член 22 став (1) точка 10, член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на седмата седница одржана на 24 декември 2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

## I ВОВЕД

- Со програмата се уредува извор на финансиската конструкција
- Пресметани трошоци за заштита и спасување на подрачјето на Општина Гази Баба.
- Распределба на средствата за финансирање .
- Тековни активности и динамика на извршувањето на програмата.

Законот за заштита и спасување ги обврзува општините во градот Скопје да изготват програма за заштита и спасување.

Имајќи предвид дека Општина Гази Баба 2/3 е рурален дел и дел кој е во урбана средина, програмата за заштита и спасување ќе има за цел подобрување на превентивните мерки на делување во истите.

**Цели и задачи на програмата**

Основна цел на оваа програма е да се обезбедат основни средства за превентивно делување на подрачјето на Општина Гази Баба.

При определување на задачите за заштитата и спасувањето се тргнува од целосно различна природа на предизвиците и заканите со кои денес се соочуваме. Имено, актуелните ризици и опасности, по својата природа се непредвидливи, нивните појави тешко се предвидуваат, а последиците можат да бидат со огромна материјална штета како и во одредени случаи и со човечки жртви. За да се справиме и соодветно одговориме на ризиците и опасностите главен акцент се става на следниве елементи:

- Навремена идентификација и процена на ризиците и опасностите кои можат да ги загрозат животите на граѓаните и материјалните добра;
- Нагласеност на превентивната функција како и преземањето на мерки за подготвеноста на институциите;
- Ефикасност во искористување на ресурсите и капацитетите;
- Редовно ажурирање на сите оперативни планови за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;
- Редовно годишно ажурирање на мерките за приправност;
- Согласно законските обврски да се врши дератизација, дезинфекција и дезинсекција на целото подрачје на Општина Гази Баба;

- Да се врши едукација и подготовка за превентивно делување;
- Формирање на доброволни противпожарни друштва нивно опремување и обука;
- Реновирање и обнова на засолништата во урбаните населени места; и
- Теориска едукација и практични показни вежби за евакуација при катастрофи во соработка со одделението за управување при катастрофи на црвениот крст Гази Баба како и со ДЗС, ЦУК и релевантни институции.

# ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

| Бр. | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | БУЏЕТ НА ОГБ | ДОНАЦИЈА | БУЏЕТ НА РМ | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
| | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | во МКД |
| 1 | набавка на машини, алат и опрема за лична заштита, за доброволните противпожарни друштва и кризниот штаб за зимска служба и опремување на урбаните и месните заедници, прва медицинска помош, носилки, кебиња и набавка на дефибрилатори | јануари | 500,000.00 | | | | | | **500,000.00** |
| 2 | Согласно законските обврски двапати во текот на годината се врши дератизација на целото подрачје на ОГБ, како и дезинсекција и локална дезинфекција | април-октомври | 900,000.00 | | | | | | **900,000.00** |
| 3 | испитување на отпор на заштитно заземјување на ниско напонска електрична инсталација, испитување на отпор на изолација на ниско напонска инсталација, испитување на непрекинатост на заштитно заземјување, испитување на импеданса, поставување на нови спратни табли и ФИД склопки, поставување на детектор за пожар во општинските бараки и во објектите во сопственост на ОГБ | февруари | 600,000.00 | | | | | | **600,000.00** |
| 4 | набавка на ПП апарати, како и сервисирање и одржување на постоечките согласно законот, два пати годишно | јануари | 600,000.00 | | | | | | **600,000.00** |
| 5 | зимско одржување на улици и патишта на територија на Општина Гази Баба | | 8,000,000.00 | | | | | | **8,000,000.00** |
| | ВКУПНО | | **10,600,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **10,600,000.00** |
| | | | | | | | | | |
| | Структура во % | | **100.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | |

## III ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Програмата за заштита и спасување за 2026 година ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Гази Баба, исто така како можност може да се јават и донации и спонзорства од приватниот сектор се со цел за поголема заштита на подрачјето на Општина Гази Баба.

Програмата за заштита и спасување ќе се одвива според предвидената динамика на реализација, како и според потребите за превентивно делување на подрачјето на Општина Гази Баба и во координација со градот Скопје, при што и градот Скопје може да се вклучи со свои средства за потребите на превентивно делување .Доколку потребите за помош се од поголеми размери се вклучуваат и Републичките сили за заштита и спасување.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

**Број 09-10072/25**
**од 24.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**
**ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА**
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 24 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-10312/24**
**од 25 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

ул.Архимедова бр.2
1000 Скопје, Македонија

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Сектор за локален економски развој и европски интеграции**

# ПРОГРАМА

# ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

**Декември, 2025 година**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3, член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на седмата седница одржана на 24 декември 2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

# ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

## I ВОВЕД

Програмата за ЛЕР за 2026 година е конципирана, согласно буџетската структура, во два сегменти:

1. Поддршка на локалниот економски развој.
2. Поддршка на млади.
3. Проекти за енергетска ефикасност.

Со програмата за ЛЕР за 2026 година сакаме да ги постигнеме следните цели:

- Унапредување на визибилноста на локацискиот потенцијал;
- Привлекување на нови инвеститори;
- Јакнење на партнерството со бизнис заедницата;
- Поддршка на младите во ОГБ;
- Зголемување на енергетската ефикасност на јавните објекти во ОГБ.

Се надеваме и очекуваме вака конципираната програма да помогне во остварување на поставените цели за ЛЕР за 2026 година.

## ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

| Бр. | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | БУЏЕТ НА ОГБ | ДОНАЦИЈА | БУЏЕТ НА РМ | БУЏЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
| | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | | во МКД |
| | **ПОДДРШКА НА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | | | | | | |
| 1 | Купување на софтверска лиценца за користење на податоци и информации за деловните субјекти во општина Гази Баба | 1 | 250,000.00 | | | | | | | **250,000.00** |
| 2 | Субвенции за возачки испит | 10 | 850,000.00 | | | | | | | **850,000.00** |
| 3 | Анкетно Испитување на деловното опкружување на општина Гази Баба | 2 | 120,000.00 | | | | | | | **120,000.00** |
| 4 | Одржување на дигитална платформа Локална економија - берза на трудот во општина Гази Баба | 2 | 100,000.00 | | | | | | | **100,000.00** |
| 5 | Изработка на Стратегија за ЛЕР за период 2026 - 2035 година | 4 | 200,000.00 | | | | | | | **200,000.00** |
| 6 | Грант од ЕИБ процесиран преку МЖСПП за изградба на Фекална канализација во н.м.Гоце Делчев, фаза 2 | 18 | | | 32,000,000.00 | | | | | **32,000,000.00** |
| 7 | Грант од Светска Банка процесиран преку Министерство за транспорт и врски за изградба на ул. Пехчевска и ул. 12 во населба Хиподром 2 | 12 | | | 19,200,000.00 | | | | | **19,200,000.00** |
| | **ПОДДРШКА НА МЛАДИ ВО ОГБ** | | | | | | | | | |
| 8 | Youth connected for growth - Проект финансиран преку ЕУ ИПА МК - СРБ | 12 | 279,000.00 | | | | | 3,132,496.00 | | **3,411,496.00** |

## ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

| Бр. | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | БУЏЕТ НА ОГБ | ДОНАЦИЈА | БУЏЕТ НА РМ | БУЏЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
| | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | | во МКД |
| | **ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ** | | | | | | | | | |
| 9 | Грант во износ од 20% и подзаем (on - lending по ЕУ либор услови на Светска Банка) во износ од 80%, процесирани преку Министерството за финансии и проектот ПСЕЕП, за имплементација на ЕЕ мерки на пет јавни објекти во ОГБ. Во I фаза изработка на техничка документација, во II фаза изведба. Техничката документација ќе биде изработена од проектот ПСЕЕП. | 18 | 0.00 | | | | | | 0.00 | **0.00** |
| 10 | Подготовка на Програма за енергетска ефикасност на ОГБ за периодот 2026 - 2028 година | 3 | 300,000.00 | | | | | | | **300,000.00** |
| 11 | Финансиска поддршка за реконструкција на постојни лифтови и поставување на нови лифтови во станбени згради во општина Гази Баба | 9 | 2,200,000.00 | | | | | | | **2,200,000.00** |
| | **ВКУПНО** | | **4,299,000.00** | **0.00** | **51,200,000.00** | **0.00** | **0.00** | **3,132,496.00** | **0.00** | **58,631,496.00** |
| | | | | | | | | | | |
| | **Структура во %** | | **7.33** | **0.00** | **87.33** | **0.00** | **0.00** | **5.34** | **0.00** | |

## III ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Како што веќе спомнавме во воведот, програмата за ЛЕР за 2026 година е буџетски структуирана во три сегменти:

1. Поддршка на локалниот економски развој
2. Поддршка на млади
3. Проекти за енергетска ефикасност

Вкупниот износ потребен за реализација на програмата за ЛЕР за 2026 година во Буџетот на Општина Гази Баба изнесува **4.299.000,00** денари.

Од други извори на финансирање, кои не се дел од Буџетот на ОГБ, очекуваме да се имплементираат **51.200.000,00** денари, како и од ЕУ фондови **3.123.496,00** денари.

Подетален преглед може да се добие од табеларниот приказ на програмата за ЛЕР на ОГБ за 2026 година.

**Слика 1. Структура на расходи на Програмата за ЛЕР во Буџетот на ОГБ за 2026 г. по функционални подрачја и извори на финансирање**




## 1. ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Во 2026 година предвидовме реализација на активности во неколку сегменти:

- Промоција и презентација на инвестиционите локациски потенцијали на ОГБ на дигитална платформа пред домашните и странски инвеститори во Македонија;
- Следење на состојбата во локалната економија преку пристап до податоци и информации за сите деловни субјекти во ОГБ;
- Активирање на потенцијалот на руралните заедници во Општина Гази Баба, општина Илинден, општина Бутел и општина Чучер Сандево преку Црна Гора Скопје, а согласно планираните активности во Стратегијата за ЛАГ;

- Следење на деловното опкружување во ОГБ преку негово анкетно испитување, анализа и Извештај за утврдените наоди од истото;
- Со цел поддршка на жителите на ОГБ, а пред се на младите луѓе, ќе субвенционираме дел од нивните трошоци за стекнување со возачка дозвола, како еден од условите за нивно вработување, покрај образованието и познавањето на англиски јазик;
- Со вклучување на сите заинтересирани страни во општината, а преку организирање на форумски сесии, ќе пристапиме кон изработка на Стратегојата за ЛЕР на ОГБ за период 2026 - 2035 година;
- Имплементација на грант средства добиени од ЕИБ и имплементирани преку МЖСПП за изведба на фекална канализација во н.м. Гоце Делчев, фаза 2;
- Имплементација на грант средства добиени од Светска Банка и имплементирани преку Министерството за транспорт и врски, за изведба на две локални улици -улица Пехчевска и улица 12 во населба Хиподром 2.

**Слика 2. Структура на расходи по проекти во - Поддршка на локален економски развој во 2026г.**



## 2. ПОДДРШКА НА МЛАДИ

**Слика 3. Структура на расходи за поддршка на млади во ОГБ во 2026г.**




- Овој проект е во фаза на финална евалуација (две финални апликации од кои една е наша) и доколку се добие, ќе се реализира преку EU IPA CBC MK - SRB, Европскиот фонд за прекугранична соработка на Ми акедонија со Србија;
- Дел од овој проект е и реконструкција на старото седиште на ЈКП Гази Баба 2007, кој ќе го трансформираме во Youth Hub, и овој сегмент ќе се реализира преку Развојната Програма за ИПА;
- Целите на овој проект се како што следи:
- Да се подобри регионалната интеграција со ЕУ и да се зајакнат односите меѓу Србија и Северна Македонија и општините учеснички (Општина Гази Баба - РС Македонија, Општина Власотинце - Р. Србија, Алијанса за млади Крушево - РС Македонија и Фондациа Дивац - Р. Србија), преку промовирање на социјалната и културната инклузија и подобрување на здравјето на младите луѓе во прекуграничната област;
- Да се создаде одржлив модел за вклучување на младите во социјалните иновации, подобрување на благосостојбата и активното учество на маргинализираните млади во регионот;
- Да се поттикне меѓукултурно разбирање и соработка меѓу младите луѓе од ранливите заедници преку справување со здравствените и социјалните предизвици, надминување на стереотипите и подобрување на регионалната мобилност;
- Да се направат целни инвестиции во опрема и реновирање на објекти наменети за млади луѓе во општините Власотинце и Гази Баба и да се изградат нивните претприемачки капацитети.

## 3. ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

- Подготовка на Програмата за ЕЕ за периодот 2026 - 2028 година;
- Во процес на имплементација на проект за примена на ЕЕ мерки на пет објекти во ОГБ. Во првата фаза со поддршка на проектот ПСЕЕП ќе се изработи техничка документација, додека во втората фаза ќе следи имплементацијата, и тоа 20% грант и 80% подзаем во форма на on-lending преку Министерството за финансии;
- Финансиска реализација на две решенија за финансиска поддршка, кои се во фаза на имплементација, за поставување на нов лифт, како и финансиска поддршка за реконструкција на лифт во станбени згради.

**Слика 4. Структура на расходи по проекти во сегментот - Проекти за ЕЕ 2026г.**




Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

**Број 09-10072/26**
**од 24.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА**
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА**

1. Се објавува Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 24 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-10312/25**
**од 25 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за Локалната самоуправа ( Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 28 став (1) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), Советот на Општина Гази Баба на 7та седница одржана на 24.12.2025 година донесе:

# Б У Џ Е Т

## на Општина ГАЗИ БАБА за 2026

## 1. Општ дел

Член 1

Буџетот на Општината **ГАЗИ БАБА** за **2026** година, се состои од :

| | |
|---|---|
| **I. ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **1.932.558.956** |
| даночни приходи | 367.985.086 |
| неданочни приходи | 54.490.000 |
| капитални приходи | 214.500.000 |
| дотации | 758.409.425 |
| трансфери | 524.577.448 |
| донации | 12.596.997 |
| **II. ВКУПНИ РАСХОДИ** | **2.000.814.256** |
| Утврдени намени | 1.999.314.256 |
| Резерви | 1.500.000 |
| **III. ДЕФИЦИТ** | **-68.255.300** |
| **IV. ФИНАНСИРАЊЕ** | **68.255.300** |
| **Прилив** | **75.455.300** |
| приливи од домашни заеми | |
| приливи од странски заеми | |
| депозити | 75.455.300 |
| **Одлив** | **7.200.000** |
| отплата на главница | 7.200.000 |

Член 2

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува :

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ

## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка | О П И С | Предходен буџет | БУЏЕТ: Буџет | БУЏЕТ: Приходи од самофинан. активности | БУЏЕТ: Приходи од дотации | БУЏЕТ: Приходи од донации | БУЏЕТ: Приходи од кредити | БУЏЕТ: Вкупни приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **1.906.215.858** | **1.195.142.534** | **41.410.000** | **758.409.425** | **13.052.297** | **0** | **2.008.014.256** |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **542.169.407** | **367.985.086** | **0** | **0** | **0** | **0** | **367.985.086** |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 64.510.000 | 56.710.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 56.710.000 |
| 713 | Даноци на имот | 184.000.000 | 139.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 139.000.000 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 293.559.407 | 172.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 172.200.000 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за врШење на дејност | 100.000 | 75.086 | 0 | 0 | 0 | 0 | 75.086 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **82.280.000** | **13.080.000** | **41.410.000** | **0** | **0** | **0** | **54.490.000** |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 2.100.000 | 2.020.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.020.000 |
| 723 | Такси и надоместоци | 44.630.000 | 50.000 | 41.410.000 | 0 | 0 | 0 | 41.460.000 |
| 725 | Други неданочни приходи | 35.550.000 | 11.010.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11.010.000 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **169.593.280** | **214.500.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **214.500.000** |
| 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 169.593.280 | 214.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 214.500.000 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **1.112.173.171** | **599.577.448** | **0** | **758.409.425** | **13.052.297** | **0** | **1.371.039.170** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 1.102.210.171 | 599.577.448 | 0 | 758.409.425 | 455.300 | 0 | 1.358.442.173 |
| 742 | Донации од странство | 9.963.000 | 0 | 0 | 0 | 12.596.997 | 0 | 12.596.997 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ

## Ниво на: Ставка

| Категорија | Ставка / О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т: Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **1.906.215.858** | **1.195.142.534** | **41.410.000** | **758.409.425** | **13.052.297** | **0** | **2.008.014.256** |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **711.042.000** | **112.137.640** | **0** | **612.200.000** | **0** | **0** | **724.337.640** |
| | 401 Основни плати | 492.325.000 | 71.147.740 | 0 | 432.700.000 | 0 | 0 | 503.847.740 |
| | 402 Придонеси за социјално осигурување | 193.690.000 | 26.889.900 | 0 | 167.500.000 | 0 | 0 | 194.389.900 |
| | 404 Надоместоци | 25.027.000 | 14.100.000 | 0 | 12.000.000 | 0 | 0 | 26.100.000 |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **1.200.000** | **1.500.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.500.000** |
| | 412 Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 400.000 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| | 413 Тековни резерви (разновидни расходи) | 800.000 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **378.671.712** | **173.468.774** | **38.210.000** | **138.209.425** | **8.515.796** | **0** | **358.403.995** |
| | 420 Патни и дневни расходи | 8.674.000 | 250.000 | 360.000 | 0 | 4.630.000 | 0 | 5.240.000 |
| | 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 115.621.573 | 45.520.000 | 9.100.000 | 56.928.425 | 124.000 | 0 | 111.672.425 |
| | 423 Материјали и ситен инвентар | 78.347.876 | 14.860.000 | 20.900.000 | 16.500.000 | 448.200 | 0 | 52.708.200 |
| | 424 Поправки и тековно одржување | 103.145.463 | 50.690.000 | 3.100.000 | 47.341.000 | 0 | 0 | 101.131.000 |
| | 425 Договорни услуги | 40.834.800 | 35.800.000 | 3.150.000 | 17.440.000 | 3.263.596 | 0 | 59.653.596 |
| | 426 Други тековни расходи | 8.748.000 | 9.348.774 | 1.600.000 | 0 | 50.000 | 0 | 10.998.774 |
| | 427 Привремени вработувања | 23.300.000 | 17.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.000.000 |
| **45** | **КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | **1.753.000** | **2.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.000.000** |
| | 452 Каматни плаќања кон домашни кредитори | 1.753.000 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **100.605.238** | **112.010.103** | **500.000** | **8.000.000** | **772.901** | **0** | **121.283.004** |
| | 461 Субвенции за јавни претпријатија | 34.867.954 | 39.414.440 | 0 | 0 | 0 | 0 | 39.414.440 |
| | 463 Трансфери до невладини организации | 21.700.650 | 17.041.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.041.000 |
| | 464 Разни трансфери | 44.036.634 | 55.554.663 | 500.000 | 8.000.000 | 772.901 | 0 | 64.827.564 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **4.000.000** | **3.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3.000.000** |
| | 471 Социјални надоместоци | 4.000.000 | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **701.743.908** | **783.826.017** | **2.700.000** | **0** | **3.763.600** | **0** | **790.289.617** |
| | 480 Купување на опрема и машини | 2.800.000 | 6.550.000 | 1.100.000 | 0 | 150.000 | 0 | 7.800.000 |
| | 482 Други градежни објекти | 664.683.908 | 752.176.017 | 0 | 0 | 3.613.600 | 0 | 755.789.617 |
| | 483 Купување на мебел | 1.600.000 | 0 | 1.600.000 | 0 | 0 | 0 | 1.600.000 |
| | 485 Вложувања и нефинансиски средства | 25.000.000 | 20.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000.000 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 489 Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 7.660.000 | 5.100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.100.000 |
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | **7.200.000** | **7.200.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **7.200.000** |
| | 492 Отплата на главнина кон домашни институции | 7.200.000 | 7.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.200.000 |

# БИЛАНС НА КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка | О П И С | Предходен буџет | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | **Вкупни расходи** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **701.743.908** | **783.826.017** | **2.700.000** | **0** | **3.763.600** | **0** | **790.289.617** |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **701.743.908** | **783.826.017** | **2.700.000** | **0** | **3.763.600** | **0** | **790.289.617** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 2.800.000 | 6.550.000 | 1.100.000 | 0 | 150.000 | 0 | 7.800.000 |
| 482 | Други градежни објекти | 664.683.908 | 752.176.017 | 0 | 0 | 3.613.600 | 0 | 755.789.617 |
| 483 | Купување на мебел | 1.600.000 | 0 | 1.600.000 | 0 | 0 | 0 | 1.600.000 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 25.000.000 | 20.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000.000 |
| 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 7.660.000 | 5.100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.100.000 |

# БИЛАНС НА ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

## Ниво на: Ставка

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т: Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1.204.471.950 | 411.316.517 | 38.710.000 | 758.409.425 | 9.288.697 | 0 | 1.217.724.639 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **711.042.000** | **112.137.640** | **0** | **612.200.000** | **0** | **0** | **724.337.640** |
| 401 | Основни плати | 492.325.000 | 71.147.740 | 0 | 432.700.000 | 0 | 0 | 503.847.740 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 193.690.000 | 26.889.900 | 0 | 167.500.000 | 0 | 0 | 194.389.900 |
| 404 | Надоместоци | 25.027.000 | 14.100.000 | 0 | 12.000.000 | 0 | 0 | 26.100.000 |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **1.200.000** | **1.500.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.500.000** |
| 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 400.000 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 800.000 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **378.671.712** | **173.468.774** | **38.210.000** | **138.209.425** | **8.515.796** | **0** | **358.403.995** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 8.674.000 | 250.000 | 360.000 | 0 | 4.630.000 | 0 | 5.240.000 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 115.621.573 | 45.520.000 | 9.100.000 | 56.928.425 | 124.000 | 0 | 111.672.425 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 78.347.876 | 14.860.000 | 20.900.000 | 16.500.000 | 448.200 | 0 | 52.708.200 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 103.145.463 | 50.690.000 | 3.100.000 | 47.341.000 | 0 | 0 | 101.131.000 |
| 425 | Договорни услуги | 40.834.800 | 35.800.000 | 3.150.000 | 17.440.000 | 3.263.596 | 0 | 59.653.596 |
| 426 | Други тековни расходи | 8.748.000 | 9.348.774 | 1.600.000 | 0 | 50.000 | 0 | 10.998.774 |
| 427 | Привремени вработувања | 23.300.000 | 17.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.000.000 |
| **45** | **КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | **1.753.000** | **2.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.000.000** |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 1.753.000 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **100.605.238** | **112.010.103** | **500.000** | **8.000.000** | **772.901** | **0** | **121.283.004** |
| 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 34.867.954 | 39.414.440 | 0 | 0 | 0 | 0 | 39.414.440 |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 21.700.650 | 17.041.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.041.000 |
| 464 | Разни трансфери | 44.036.634 | 55.554.663 | 500.000 | 8.000.000 | 772.901 | 0 | 64.827.564 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **4.000.000** | **3.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3.000.000** |
| 471 | Социјални надоместоци | 4.000.000 | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 |
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | **7.200.000** | **7.200.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **7.200.000** |
| 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | 7.200.000 | 7.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.200.000 |

# БУЏЕТСКИ РАСХОДИ ПО ФУНКЦИИ НА ЕЛС

## Ниво на: СТАВКА

| Фун.ста. / Фун.код | О П И С | Буџет | Самофинан. активности | Дотации | Донации | Кредити | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **1.195.142.534** | **41.410.000** | **758.409.425** | **13.052.297** | **0** | **2.008.014.256** |
| **701** | **ОПшТИ ЈАВНИ СЛУЖБИ** | **216.936.640** | **0** | **0** | **90.901** | **0** | **217.027.541** |
| 7011 | ИЗВТШНИ И ЗАКОНОДАВНИ ОРГАНИ, ФИНАНСИСКИ И ФИСКАЛНИ РАБОТИ, НАДВОРЕШНИ РАБОТИ | 216.936.640 | 0 | 0 | 90.901 | 0 | 217.027.541 |
| **702** | **ОДБРАНА** | **10.600.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **10.600.000** |
| 7022 | ЦИВИЛНА ОДБРАНА | 10.600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.600.000 |
| **704** | **ЕКОНОМСКИ РАБОТИ** | **372.804.125** | **0** | **0** | **3.613.600** | **0** | **376.417.725** |
| 7041 | ОПШТИ ЕКОНОМСКИ, КОМЕРЦИЈАЛНИ И РАБОТИ ПОВРЗАНИ СО ТРУДОТ | 6.763.071 | 0 | 0 | 3.613.600 | 0 | 10.376.671 |
| 7044 | РУДАРСТВО, ЗАНАЕТЧИСТВО И ГРАДЕЖНИШТВО | 239.363.716 | 0 | 0 | 0 | 0 | 239.363.716 |
| 7045 | ТРАНСПОРТ | 126.677.338 | 0 | 0 | 0 | 0 | 126.677.338 |
| **705** | **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА** | **271.924.355** | **0** | **0** | **0** | **0** | **271.924.355** |
| 7051 | УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОЦИТЕ | 46.800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 46.800.000 |
| 7052 | УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДНИ ВОДИ | 209.195.581 | 0 | 0 | 0 | 0 | 209.195.581 |
| 7056 | ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА | 15.928.774 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.928.774 |
| **706** | **ЖИВЕАЛИШТА И РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА** | **95.613.440** | **0** | **0** | **3.132.496** | **0** | **98.745.936** |
| 7062 | РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА | 10.799.000 | 0 | 0 | 3.132.496 | 0 | 13.931.496 |
| 7064 | ОСВЕТЛУВАЊЕ НА УЛИЦИ | 40.300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.300.000 |
| 7066 | ДРУГИ ЖИВЕАЛИШТА И РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА | 44.514.440 | 0 | 0 | 0 | 0 | 44.514.440 |
| **708** | **РЕКРЕАЦИЈА, КУЛТУРА И РЕЛИГИЈА** | **22.020.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **22.020.000** |
| 7081 | СПОРТСКИ И РЕКРЕАТИВНИ УСЛУГИ | 12.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.000.000 |
| 7082 | УСЛУГИ ЗА КУЛТУРА | 10.020.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.020.000 |
| **709** | **ОБРАЗОВАНИЕ** | **205.243.974** | **41.410.000** | **758.409.425** | **6.215.300** | **0** | **1.011.278.699** |
| 7091 | ПЕДАГОШКО И ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | 205.243.974 | 41.410.000 | 758.409.425 | 6.215.300 | 0 | 1.011.278.699 |
| **710** | **СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 7109 | ДРУГА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

# ФУНКЦИОНАЛНИ РАСХОДИ

## Ниво на: ПОТПРОГРАМИ

| Фун.код / Потпр. | О П И С | Буџет | Самофинан. активности | Дотации | Донации | Кредити | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **1.195.142.534** | **41.410.000** | **758.409.425** | **13.052.297** | **0** | **2.008.014.256** |
(1) Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи на Буџет на општината.

(2) Градоначалникот на Општината во случај кога очекуваните приходи и други приливи на основните буџети се реализираат на повисоко ниво од планираното може да изврши дополнителни отплати на главнина и камата на долг.

(3) Доколку во текот на извршувањето на Буџетот, Градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на Буџетот.

(4) Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

**Член 6**

(1) Пренамената на средствата во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници им ја одобрува Советот на општината.

(2) Во рамките на расходите утврдени со Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

(3) Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограмите, не можат да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределби во тековната фискална година.

(4) Одобрените средства за плати и надоместоци во рамките на буџетот не може да се зголемат со прераспределби повеќе од 10%.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот, изготвуваат годишен финансиски план по квартали, за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци. Градоначалникот до Министерството за финансии доставува квартален извештај за извршување на буџетот (Образец К1), квартален извештај за достасани ненамирени обврски (Образец К2) и квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување (Образец К3) во рок од еден месец по завршувањето на кварталот.

**Член 9**

(1) Исплатата на платите и на надоместоците на вработените од општината и од локалните јавни установи ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, законите и колективните договори.

(2) Вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници се утврдува секоја година со Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници, која ја донесува советот на општината.

(3) За вработените што немаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на платите изнесува 15,50 денари.

(4) На вработените во општината им следува исплата на надомест (регрес) за годишен одмор, во висина од најмалку 60% од просечната месечна нето плата во РМ, објавена до денот на исплатата, кој се исплатува еднаш во годината.[1]

(5) На вработените во општината кои ги исполнуваат условите во тековната година, им следува исплата на јубилејна награда, во висина определена со Колективен договор.[2]

(6) Вработените во општината имаат право на новогодишен надоместок (тринаесетта плата) согласно колективен договор, во висина утврдена помеѓу работодавачот и претставникот на синдикалната организација кај работодавачот и изнесува најмалку 20% од просечната месечна нето плата во РМ, доколку работодавачот има услови за тоа.[3]

---

[1] Член 33 од Колективен договор за административните службеници и други вработени во Општината Гази Баба, бр.08-1113/1 од 09.01.2023 година

[2] Член 32 од Колективен договор за административните службеници и други вработени во Општината Гази Баба, бр.08-1113/1 од 09.01.2023 година

[3] Член 36 од Колективен договор за административните службеници и други вработени во Општината Гази Баба, бр.08-1113/1 од 09.01.2023 година

(7) Исплатата на платите кај јавните локални установи се утврдува согласно колективните договори и утврдената вредност на платите на ниво на Министерствата кои вршат соодветно финансирање на платите на вработените.

(8) Исплатата на плати од локалните установи кои се финансираат од блок дотациите ја контролира и одобрува Министерството за финансии на РМ.

(9) Буџетските корисници се должни најдоцна до 25-ти во месецот до општината да достават барање за одобрување на средствата за плати при што треба да приложат во два примероци:

- Образец ПДП-МП И МП-1;
- Образец ИР (Интерна рекапитулација)
- Образец Ф1 (истиот снимен и на еден од медиумите ЦД, е-маил, во ексел формат) за месецот за кој се однесува исплатата.

(10) Во случај на нови вработувања, локалните јавни установи што се финансираат од буџет на дотации се должни да достават известување до Општина Гази Баба за обезбедени финансиски средства, согласност од надлежното министерство и министерството за финансии, и да приложат Образец М-1, и одобрение од Градоначалникот на Општина Гази Баба за новото вработување.

**Член 10**

(1) На членовите на Советот на Општина Гази Баба, им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок за патните и дневните трошоци.

(2) Месечниот надоместок за присуство на седници на Советот, се утврдува во процентуален износ од 70% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

(3) На Претседателот на советот за раководењето и организирањето на работата на советот, месечниот надоместок од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

(4) Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува на членовите на Советот за присуство на сите седници на Советот што ќе се одржат во тековниот месец. Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство на членовите на Советот од седница на Советот во тековниот месец.

(5) Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува, доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец. Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 11**

За избраните и именуваните лица во општината, односно Градоначалникот на Општина Гази Баба, појдовната основа за одредување на коефициент за утврдување на плата е определен според бројот на жители во општината помножен со основицата утврдена согласно со членот 11 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието и други избрани и именувани лица во Република Македонија, и тој коефициент изнесува 3,4 со оглед на тоа дека Општина Гази Баба има над 50.000 жители.

**Член 12**

(1) Општината врши збирна и поединечна контрола на доставените пресметки за исплата на плати и надоместоци.

(2) По извршената контрола согласно планираните средства во буџетот на општината, збирната пресметка и поединечните пресметки, Градоначалникот ги доставува до ресорното министерство преку кое се трансферираат блок дотациите.

(3) Ресорните министерства, доставените пресметки за исплатата на платите и надоместоците ги доставуваат до министерството за финансии, за контрола и евиденција.

**Член 13**

(1) На вработениот за време на службено патување во земјата му се надоместуваат трошоците за дневница, трошоците за превоз и трошоците за ноќевање.

(2) Дневницата за службено патување се пресметува од часот на тргнувањето на работникот на службеното патување до часот на враќање со превозното средство и тоа:

- дневница во висина од 700,00 денари, ако службеното патување траело повеќе од 12 часа и
- дневница во висина од 350,00 денари ако службеното патување траело од 8 до 12 часа.

(3) Одредбите од став (2) алинеја 1 и алинеја 2 на овој член се применуваат само доколку се предвидени средства за таа намена во буџетот на општината.

(4) Надоместокот за дневница за службено патување во странство ќе се исплаќа во износ од:

- 50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата;
- 20% од утврдената дневница, ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и
- 5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организирани во странство на мултилатерална и билатерална основа.

**Член 14**

Во случај на боледување подолго од шест месеци или во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи, на работникот во општината може да му се исплати помош до висина на една последно исплатена просечна месечна плата во општината.

**Член 15**

Во случај на смрт на вработениот во општината, на неговото семејство му се исплаќа парична помош во висина од три основици чиј износ се утврдува на денот на донесување на одлуката за исплата, согласно Колективен договор на ниво на работодавач.

**Член 16**

(1) На вработениот во општината и ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје во случај на смрт на член од потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) му се исплаќа парична помош во висина определена со Колективен договор на ниво на работодавач.

(2) Во случај на непрекинато боледување подолго од 6 месеци на вработениот му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна просечна нето плата исплатена кај работодавачот.

(3) Во случај на потешки последици од елементарни непогоди, работодавачот може на вработениот да му исплати парична помош, најмалку во висината на една основица од просечна нето плата во Република Северна Македонија.

**Член 17**

(1) Надоместоците кои се утврдени во членовите 15 и 16 од оваа одлука се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната, односно во наредната година.

(2) За сите исплати важи правилото: Исплатите се вршат врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината.

**Член 18**

(1) Надоместоците за отпремнина за пензионирање на вработениот во општината се исплаќа врз основа на член 9 став (1) алинеја 2 и став 2 од Законот за исплата на платите од средствата на трансфери при пензинирање, Програма ЕО - општинска администрација, потставка 464940 - трансфери при пензинирање.

(2) Надоместокот за отпремнина изнесува двократен износ од платата исплатена во РМ, за соодветниот месец во кој работникот заминува во пензија.

**Член 19**

(1) Користењето на средствата од Буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници, се набавуваат со веродостојни документи во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

(2) Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди (во готово) во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи (во готово плаќање) до 6.000,00 денари и задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 20**

(1) За средствата утврдени во Буџетот на општината во рамките на резервите ( за тековни и постојана резерва) одлучува Советот на општината а ги извршува Градоначалникот и за тековната резерва (непредвидливи расходи) одлучува Градоначалникот но најмногу до 50.000,00 денари во поединечен случај при што во износот не влегува персоналниот данок на доход.

(2) За користењето на средствата од постојаната резерва за надомест на штета од природни непогоди, епидемии и други несреќи, во смисол на член 34 од Законот за заштита и спасување, одлучува Советот на Општина Гази Баба.

(3) Заедно со завршната сметка за претходната година, Градоначалникот на општината поднесува до Советот на општината, извештај за користењето на средствата на буџетската резерва.

**Член 21**

(1) Во општината може да се вработуваат нови работници и да се пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината.

(2) За обезбедените средства Градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од министерство за информатичко општество и администрација и согласно актот за систематизација.

(3) Локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници, доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација.

**Член 22**

(1) Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на терет на другите приходи на Буџетот.

(2) Повратот на погрешно или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 23**

Корисниците на буџетските средства доставуваат: месечни и тримесечни извештаи за трошењето на средствата, набавките на капитални средства и месечни и тримесечни извештаи за обврските постари од 30 дена до Градоначалникот.

**Член 24**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 25**

Потписник на сметката на Буџетот на општината е Градоначалникот на општината.

**Член 26**

Буџетот на Општина Гази Баба се извршува до 31 декември 2026 година.

**Член 27**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

**Број 09-10072/28**
**од 24.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСТОЈАНА И ТЕКОВНА РЕЗЕРВА**

1. Се објавува Одлуката за користење на средства од постојана и тековна резерва, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 24 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-10312/27**
**од 25 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 31 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на седмата седница одржана на 24 декември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСТОЈАНА И ТЕКОВНА РЕЗЕРВА**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува користење и распределба на средства утврдени во Буџетот на општината во рамките на резервите и тоа:

- За исплата на износите на постојана и тековна резерва, но најмногу до 50.000,00 денари во поединечни случаи одлучува и ги извршува Градоначалникот, при што во износот не влегува персоналниот данок на доход,

- За исплата на износите на постојана и тековна резерва над 50.000,00 денари во поединечни случаи, одлучува Советот на Општината Гази Баба, а ги извршува Градоначалникот.

**Член 2**

Под непланирани односно непредвидени расходи, се подразбираат расходи настанати од елементарни непогоди предизвикани од виша сила (поплава, пожар, земјотрес, суша, град и слично) помош при лекување, издавање книги, разни спонзорства, хуманитарни потреби, комеморации и други недефинирани трошоци кои не се предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година.

**Член 3**

За трошење на средствата од членот 1 од оваа одлука, надлежен е Градоначалникот на општината.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

**Број 09-10072/29**
**од 24.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ**
**МАКСИМУМ ЗА 2026 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на благајнички максимум за 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 24 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-10312/28**
**од 25 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 183 став (2) од Законот за платежни услуги и платни системи ("Службен весник на РСМ" бр.90/22, 64/24, 37/25 и 144/25) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на седмата седница одржана на 24 декември 2025 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ ЗА 2026 ГОДИНА

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува благајничкиот максимум за 2026 година, во износ од 120.000,00 денари.

### Член 2

Готовите пари во благајната, примени по сите основи се уплатуваат на сметката кај носителот на платен промет истиот ден, а најдоцна наредниот ден од денот на наплатата.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

**Број 09-10072/30**
**од 24.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**- За изградба на детска градинка во населено место Инџиково -**

1. Се објавува Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на детска градинка во населено место Инџиково, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 24 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-10312/29**
**од 25 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 23 став (6) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на седмата седница одржана на 24 декември 2025 година, донесе

**П Л А Н**

**НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**- За изградба на детска градинка во населено место Инџиково -**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба донесе План на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на детска градинка во населено место Инџиково.

**Член 2**

ПРИЛОГ 3

Образец В 1

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | Ознака на буџетска/општинска програма | В |
| Развојна потпрограма | **Изградба на нова детска градинка во н.м. Инџиково** | Ознака на развојна потпрограма | ВАИ |
| Лице за контакт | **Сашо Трајков** | Тел. и телефакс | 02/ 322 66 55 |
| Функција: | **Раководител на сектор за локален економски развој и европски интеграции** | Е-маил | contact@gazibaba.gov.mk |

| | ОПИС |
|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Да се изгради објектот на новата детска градинка со капацитет за престој на 60 деца во н.м. Инџиково до крајот на 2026 година; Да се обезбедат квалитетни и современи услови за згрижување и едукација на деца од предшколска возраст од сите населените места кои гравитираат во регионот на Инџиково Да се обезбедат највисоките стандарди за енергетска ефикасност на новиот објект за детска градинка; |
| Планирани активности | 1 - Изработка на архитектонски и технички (основен) проект; 2 - Ревизија на проектот; 3 - Добивање на одобрение за градба; 4 - Распишување на јавен повик за јавна набавка; 5 - Изградба на објектот на новата детска градинка во н.м. Инџиково до крајот на 2026 година; 5 - Вршење надзор при изградбата; |

| | |
|---|---|
| Очекувани резултати / ефекти | 1- Изградба на новата детска градинка со капацитет за 60 деца до крајот на 2026 год; 2 - Создавање на квалитетни и современи услови за примарна едукација на децата 3 - Оптимизација на трошоците за одржување и потрошена електрична и толинска енергија на објектот на новата детска градинка според највисоките стандарди за енергетска ефикасност; 4 - Зголемување и унапредување на општествените наставни и вонанаставни активности на децата и заедницата. |
| Ризик и претпоставки | Неуспешна јавна набавка; локални временски услови и терен за работа; пробивање на финансиската конструкција. |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | Октомври 2024 година |
| Датум на завршување на проектот | Октомври  2026 година |
| Вкупна вредност | **47,495,639.00** |
| Име на студија | **ЗА ИЗГРАДБА НА ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО Н.М. ИНЏИКОВО КП 396.1, КО ИНЏИКОВО, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ** |
| Ниво на студија* | ГП |
| Автор/Фирма, седиште | **МБМ Архитекти ДООЕЛ Скопје** |
| Датум на изготвување на проектна документација | **2024 година** |

| | | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|
| Индикатори | | 22,833,581.00 | 24,662,058.00 | 0.00 |

*ДИП=Документ за идентификација на проектот (студија)
ИП = Идеен проект
ГП=Главен проект

ПФС=Пред-физибилити студија
ФС=Физибилити студија

ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

| Извор на финансирање | Статус на финансирање* | Динамика на финансирање | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Вкупен износ на проектот во МКД** | **Потрошено заклучно со 31/12/2023** | **Реализирани расходи за 2024** | **2025** | **2026** | **2027** | **По 2027 година** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| Буџет (637) | | | | | | | | |
| Буџетско учество | | | | | | | | |
| ДДВ | | | | | | | | |
| Самофинансирање (787) | | | | | | | | |
| Вкупни донации | | | | | | | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Вкупни заеми | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Други извори на финансирање - Буџет на РС Македонија | С | 47,495,639.00 | | 0.00 | 22,833,581.00 | 24,662,058.00 | | |
| Вкупно | | 47,495,639.00 | | 0.00 | 22,833,581.00 | 24,662,058.00 | | |

** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

*** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поодделно.*

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот ( локална самоуправа, јавните претпријатија, регионални центри, невладини организации и др.)*

**Член 3**

Овој план влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-10072/31**
**од 24.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИСПЛАТА НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА, ЗА НАДОМЕСТОК НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ИЗБОРНИТЕ ОРГАНИ ЗА ПОДГОТОВКА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2025 ГОДИНА

1. Се објавува Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, за надоместок на членовите на изборните органи за подготовка и спроведување на Локалните избори 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 24 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-10312/30**
**од 25 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 19 став (2), а во врска со член 88 став (4) од Изборниот законик ("Службен весник на РМ" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и "Службен весник на РСМ" бр.98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24), член 2, 6, 10, 13, 14, 15, 16, 17 и 18 од Правилникот за критериумите за определување на надоместок на членовите на изборните органи, изборната администрација и ангажираните лица по налог на Државната изборна комисија за организирање и спроведување на изборен процес, бр.08-4741/1 од 14.11.2025 година, донесен од Државната изборна комисија и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на седмата седница одржана на 24 декември 2025 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ИСПЛАТА НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА, ЗА НАДОМЕСТОК НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ИЗБОРНИТЕ ОРГАНИ ЗА ПОДГОТОВКА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2025 ГОДИНА

### Член 1

Со оваа одлука се одобрува исплата на средства од Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, за надоместок на членовите на изборните органи за подготовка и спроведување на Локалните избори 2025 година.

### Член 2

Вкупниот надоместок на членовите на изборните органи за подготовка и спроведување на Локалните избори 2025 година, по пресметка врз основа на податоци од Општинската изборна комисија Гази Баба, ќе се исплати од средствата предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, од Програма - А1 - изборни активности и референдуми, ставка 464.

### Член 3

Се задолжува секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа одлука.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

**Број 09-10072/32**
**од 24.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ГРАД СКОПЈЕ И ОПШТИНИТЕ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ, ЗА ВРШЕЊЕ НА СТРУЧНО - АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ И ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА И ОДОБРЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ НАДВОР ОД ДЕЛОВЕН ПРОСТОР**

1. Се објавува Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба, Град Скопје и општините во градот Скопје, за вршење на стручно - административни работи и издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 24 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-10312/31**
**од 25 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 14 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка (''Службен весник на РМ'' бр.79/09 и ''Службен весник на РСМ'' бр.241/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), а во врска со Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и општините во градот Скопје за вршење на стручно - административни работи и издавање одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор (''Службен гласник на Град Скопје'' бр.13/25), Советот на Општина Гази Баба на седмата седница одржана на 24 декември 2025 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ГРАД СКОПЈЕ И ОПШТИНИТЕ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ, ЗА ВРШЕЊЕ НА СТРУЧНО - АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ И ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА И ОДОБРЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ НАДВОР ОД ДЕЛОВЕН ПРОСТОР

### Член 1

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба, Град Скопје и општините во градот Скопје и тоа: Аеродром, Бутел, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари (во понатамошниот текст: општините во градот Скопје), заради поефикасно и поекономично вршење на надлежностите утврдени со закон, за остварување на заедничките интереси и цели преку вршење на стручно - административни работи и издавање одобрение за поставување на комунална, монтажно - демонтажна, рекламно - информативна и комерцијално - угостителска урбана опрема и издавање одобрение за вршење на угостителска, трговска и занаетчиска дејност надвор од деловен простор, на подрачјето на градот Скопје, од страна на Град Скопје во име и за сметка на општините во градот Скопје.

### Член 2

Општина Гази Баба, Град Скопје и општините во градот Скопје, остварувањето на меѓуопштинската соработка утврдена во член 1 од оваа одлука, ќе ја вршат на начин утврден со Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и општините во градот Скопје за вршење на стручно - административни работи и издавање одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор (''Службен гласник на Град Скопје'' бр.13/25), донесена од Советот на Град Скопје.

### Член 3

Остварувањето на меѓуопштинската соработка помеѓу Општина Гази Баба, Град Скопје и општините во градот Скопје Град Скопје и општините во градот Скопје од член 1 од оваа одлука, ќе се извршува во времетраење на правната сила на оваа одлука.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со градоначалниците на Град Скопје и општините во градот Скопје, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка, во кој поблиску ќе се уредат прашањата особено во делот на:

- начинот и условите за вршење на стручно - административни работи и издавање одобрение за поставување на комунална, монтажно - демонтажна, рекламно - информативна и комерцијално - угостителска урбана опрема и издавање одобрение за вршење на угостителска, трговска и занаетчиска дејност надвор од деловен простор, на подрачјето на градот Скопје, од страна на Град Скопје во име и за сметка на општините во градот Скопје;
- начинот и условите на распределба на средства од комуналната такса;
- времетраењето на вршењето на заедничката надлежност (меѓуопштинска соработка); и
- начинот и условите за престанок на договорот и други прашања од интерес на заедничкото вршење на заедничката надлежност.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Гази Баба“.

**Број 09-10072/33**
**од 24.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година . . . . .2

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година; . . .4

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2026 година . . . . . . . . . . . . . . . . . .6

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на Развојна Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2026 - 2027 година . . . . . . . . .8

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за третото тримесечје од 2025 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .10

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .12

**ОДЛУКА** за давање согласност на Правилникот за утврдување нормативи, мерила и критериуми за утврдување на надоместок - цена на услугите, што паѓа на товар на родителите во ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .14

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .16

**ОДЛУКА** за давање согласност на Правилникот за утврдување нормативи, мерила и критериуми за утврдување на надоместок - цена на услугите, што паѓа на товар на родителите во ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .18

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за ослободување од плаќање на месечен надомест за престој на децата во градинка за одредени категории на родители, за период до 31.12.2026 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .20

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за еднократна парична помош на семејствата со новороденче или дете со старателство до една година, кои се со живеалиште на подрачјето на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .22

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за намера за реализација на проект со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .24

**ПРОГРАМА** за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .26



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.22/25**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци

## СОДРЖИНА

**ПРОГРАМА** за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2026 година . . . . .31

**ПРОГРАМА** за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година . . . . . . . . . . . . . . .37

**ПРОГРАМА** за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2026 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .69

**ПРОГРАМА** за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .78

**ПРОГРАМА** за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2026 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .101

**ПРОГРАМА** за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2026 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .106

**ПРОГРАМА** за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2026 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .111

**ПРОГРАМА** за основното образование на Општина Гази Баба за 2026 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .116

**ПРОГРАМА** за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2026 година . . . . . . . . . .121

**ПРОГРАМА** за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2026 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .136

**ПРОГРАМА** за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2026 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .142

**БУЏЕТ** на Општина Гази Баба за 2026 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .151

**ОДЛУКА** за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .223

**ОДЛУКА** за користење на средства од постојана и тековна резерва . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .230

**ОДЛУКА** за утврдување на благајнички максимум за 2026 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .232

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на детска градинка во населено место Инџиково . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .234

**ОДЛУКА** за исплата на средства од Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, за надоместок на членовите на изборните органи за подготовка и спроведување на Локалните избори 2025 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .240

**ОДЛУКА** за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба, Град Скопје и општините во градот Скопје, за вршење на стручно - административни работи и издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .242

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.22/25**
**7 седница**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци